# 308. ЦРНО МУ БИЛО ПИШАНО




Црно му било пишано,
на Александре Турунџе,
шеснајест годишен војвода,
на седумнајста го фатија.

Телеграм дојде Станбол,
за Алексндер Турунџе,
да си ја види невестата,
и својте дробни дечиња.

Го одведоја во зандани,
во тие тесни долапи,
чивте белези да раце,
и дробен синџир на гуша.

Го изведоа на Ат пазар,
му ја кажаа бесилката,
сета се Битола расплака,
за Александре Турунџе.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995